З А П И С Н И К бр. 3

Од третата седница на Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија, одржана на 16 септември, 2022 година, во Салата за одржување седници на Совет на Општина Гевгелија, со почеток во 13:00 часот.

На седницата беа поканети сите делегати и заменик-делегати на ЛСМ, како и кандидатите за членови на Локалниот младински совет по електронски пат. На седницата присуствуваа 17 члена: Сашко Проданов- делегат номиниран од УМС на ВМРО-ДПМНЕ Гевгелија, Петар Шарков- заменик-делегат номиниран од УМС на ВМРО-ДПМНЕ Гевгелија, Мартин Илиев- делегат номиниран од ЛО Црвена Младина од Гевгелија- Левица, Марија Јовановска- делегат номиниран од ОО Црвен крст Гевгелија, Маргарита Делиџакова- заменик-делегат од ОО Црвен крст Гевгелија, Ангела Шаренкова- делегат номиниран од „Мулутимедија“ Здружение за мултимедијална култура Скопје, Ѓорге Костаќев- заменик-делегат номиниран од Центар за едукација, култура и активизам „МУЛТУС“ Гевгелија, Бруно Алчинов- заменик-делегат номиниран од Здружение на пчелари „Апитоксин“- Гевгелија, Марија Калинова- делегат номиниран од Регионален центар за одржлив развој Гевгелија, Трајче Динев- заменик-делегат номиниран од Регионален центар за одржлив развој Гевгелија, Милчо Јовановски- делегат номиниран од СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, Памела Петровска- кандидат од ОО Црвен крст- Гевгелија за член на ЛМС номиниран од ОО Црвен крст Гевгелија, Благој Панов- кандидат за член во ЛМС номиниран од РЦОР- Гевгелија, Кристијан Алчинов- кандидат за член во ЛМС номиниран од Здружение на пчелари „Апитоксин“- Гевгелија, Атанас Епов- кандидат за член во ЛМС номиниран од АК „7 Ноември“- Гевгелија и Тијана Ристовска- кандидат за член во ЛМС и Георги Петков- кандидат за член на ЛМС номиниран од УМС на ОК ВМРО-ДПМНЕ Гевгелија.

Седницата ја отвори претседавачот на ЛСМ, Ангела Шаренкова и откако констатираше дека на седницата се присутни мозинство членови и утврди дека има кворум за работа, го предложи следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д:**

1. Усвојување на Записник од втората седница на Локалното собрание на млади,
2. Предлог-Решение за разрешување членови на Локалното собрание на млади,
3. Предлог-Решение за именување членови на Локалното собрание на млади,
4. Предлог-Одлука за избор на членови на Локален младински совет на ОГ,
5. Разно.

По отворената расправа за предлог- дневниот ред, за дискусија се јави претставникот на општинската администрација во врска со редоследот на точките, така што даде предлог точката 4 да биде точка 2, со образложение имајќи предвид дека пристигнале 6 апликации, депонираната оставка на едниот кандидат за член на ЛСМ кој нема да биде избран за член на ЛМС, да не важи. Од страна на претседавачот предлогот беше ставен на гласање и измената во редоследот на точките од дневниот ред беше едногласно усвоена.

По првата точка претседавачот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, Записникот од втората седница на ЛСМ го стави на усвојување и истиот беше едногласно усвоен.

По однос на втората точка, претседавачот ја повика верификационата комисија да го прочита извештајот од спроведениот Јавен повик за избор на членови на ЛМС, утврдувајќи дека нема никакви забелешки во регуларноста на доставените апликации и спроведувањето на Јавниот повик. По што, од страна на претседавачот им беше даден збор на шесте кандидатите членови за ЛМС, Тијана Ристовска, Памела Попова, Кристијан Алчинов, Георги Петков, Атанас Епов и Благоја Панов накратко да ја образложат својата програма за учество во Локалниот младински совет.

По нивното излагање, заради запазување на родовата еднаквост, претседавачот даде предлог двете кандидатки да влезат како членови во ЛМС, додека помеѓу четирите кандидати да отпадне еден по пат на тајно гласање. Предлогот беше ставен на гласање и едногласно усвоен. По што се премина на гласање. По сумирањето на резултатите, најмалку гласови доби Благоја Панов, со што беше констатирано дека за членови на ЛМС се избрани: Памела Попова, Тијана Ристовска, Кристијан Алчинов, Георги Попов и Атанас Епов.

Поради доставените оставки на Душко Јанев и Јордан Јовановски од членови на ЛСМ од лични причини, како и на Тијана Ристовка и Кристијан Алчинов поради кандидатурата за членови и нивното членство во ЛМС, истите беа разрешени, а на нивните места беа именувани членовите Маргарита Делиџакова, Петар Шарков, Бруно Алчинов и Александар Ристовски.

Бидејќи немаше расправа по последната точка, претседавачот ја затвори третата седница на Локалното собрание на млади.

бр. 08-1009/2
16.06.2023 г.
Гевгелија

записничар,
Петар Јанчев

с.р.

претседавач
Ангела Шаренкова

с.р.